РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општинска јавна установа за деца -детска градинка Астибо Општина Штип
Примено: 12.03.2024
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 04 | 71/2 | | |

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1907/2*
*12.03.2024 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 120, став 9 и член 126 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19 275/19 и 311/20) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА – ДИРЕКТОР НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА -ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО”-ШТИП

1. За вршител на должноста - Директор на Јавна установа за деца –Општинска детска градинка „Астибо” -Штип, се именува **Илија Митров – дипломиран музичар теоретичар.**
2. Вршителот на должноста- директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на Јавната установа за деца – Општинска детска градинка „Астибо” -Штип, **сметано од 12.03.2024 година.**
3. Се задолжува вршителот на должноста - директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.
4. Функцијата вршител на должност - директор ќе се извршува се до изборот на Директор на Јавната установа за деца – Општинска детска градинка „Астибо” - Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Вршителот на должноста Директор на Јавна установа за деца –Општинска детска градинка „Астибо” -Штип Илија Митров дипломиран музичар теоретичар, се именува врз основа на член 126 од Законот за основното образование Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19 275/19 и 311/20), поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 11.03.2024 година.

*Општина Штип ул.„Васил Главинов“ бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Општина Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*Доставено до:*

- *Архива*
- *Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Астибо" – Штип*
- *Именуваниот*
- *Одделение за правно-нормативни работи и поддршка на Советот*

*Општина Штип ул.„Васил Главинов" бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*